РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09 - 1755/2
25 -12- 2020 г./v.

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на ДКСК, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 42-та седница одржано на 11.12.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**

СЕ ОТФРЛА пријавата заведена под бр.09-1755/1 од 10.04.2020 година поднесена од ___________ од Скопје, бул.___________ за поведување постапка за утврдување постоење на судир на интереси.

Нема елементи за покренување постапка за утврдување постоење на судир на интереси помеѓу ___________, јавен обвинител во ОЈО Скопје и неговиот татко, адвокат ___________ од Скопје во постапката, заведена под ___________ пред Основниот суд Скопје 1 Скопје по поднесена приватна кривична тужба од лицето ___________ преку полномошникот ___________, адвокат од Скопје против ___________ од Скопје за кривично дело-Самовластие од член 392 став 1 од КЗ и кривично дело-Оштетување на туѓи предмети од член 243 став 1 од КЗ, како и во постапките водени пред Основното јавно обвинителство Скопје и тоа во постапката водена под ___________ во која со решение се отфрла кривичната пријава поднесена од страна на лицата ___________ од Скопје против ___________ за кривично дело-Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 2 в.в. со став 1 од КЗ и кривично дело- Компјутерска измама од член 251-б в.в. со став 1 од КЗ и постапката водена под ___________ во која се отфрлени кривичните пријави под бр.______, бр.______, бр.______ и бр.______ од ______ поднесени од___________ против___________ за сторено кривично дело-Кражба од член 235 став 1 од КЗ.

Предметот под бр.09-1755/1 од 10.04.2020 година да се архивира.

Образложение

До Државната комисија за спречување на корупцијата е доставена пријава од лицето___________ од Скопје, во која се изразува сомневање за постоење на судир на интереси помеѓу ___________, Јавен обвинител во ОЈО Скопје и неговиот татко ___________, адвокат од Скопје во постапката водена пред Основниот суд Скопје 1 Скопје по предметот заведен под ___________ и постапките водени пред Основното јавно обвинителство Скопје заведени под ___________ и ___________, затоа што адвокатот ___________ во постапката водена пред Основниот суд Скопје 1 Скопје под ___________ по

поднесена кривична пријава од приватниот тужител _______________ од Скопје преку неговиот полномошник, адвокат ______________ од Скопје против сега подносителот на пријавата _____________за сторено кривично дело –Самовластие од член 393 став 1 од КЗ и кривично дело-Оштетување на туѓи предмети од член 243 став 1 од КЗ, во завршниот збор се повикал на паралела од судската пракса, а која произлегувала од постапките кои се водени пред Основното јавно обвинителство по поднесена кривична пријава од лицата ______________ и _______________против лицето _________________, вработен во ЕВН Македонија АД Скопје за кривично дело –Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 2 в.в. со став 1 од КЗ и кривично дело-Компјутерска измама од член 251-б став 2 в.в. со став 1 од КЗ, како и по поднесени кривични пријави од страна на _________________ против _________________за сторено кривично дело-Кражба од член 235 став 1 од КЗ.

По разгледување на наводите содржани во пријавата, приложената документација и по утврдување на фактичка состојба во предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека од истата не произлегуваат ( не постојат) факти (докази) со кои надвор од разумното сомневање би се потврдило постоењето на судир на интереси помеѓу посочените лица во предметниот правен случај.

Со оглед на сето наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ОДЛУЧЕНО ОД ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
под бр.09-1755 од 2020

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Зам.претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

По заклучок на ДКСК
Изработил
Одобрил Н.Бајрами. член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk